РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-297/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12 2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-2817/1 од 21.10.2025 година, со наводи против службени лица поради сомневања за незаконитости и прекршувања на законски одредби во изборен процес и изборна кампање за Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2817/1 од 21.10.2025 година да се затвори и да се архива.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 17.10.2025 година, до ДКСК е доставена пријава од непознат подносител, заведена под број 12-2817/1 од 21.10.2025 година со наводи против службени лица поради сомневања за незаконитости и прекршувања на законски одредби во изборен процес и изборна кампање за Локални избори 2025 година. Во доставената пријава се наведува дека во време на изборна кампања бил одржан јавен настан на кој била отворена амбуланта во село -----------, а на кој присуствувале кандидатот за Градоначалник во Општина -----------, ------------ -------------, Колицијата Влен, министерот за ------------ и други лица.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара Министерството за здравство на РСМ да достави свое произнесување по однос предметните наводи од пријавата поткрепено со прилог документација. Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и по разгледување на приложената документација ДКСК го констатира следново:

По однос на поднесено барање од страна на лицето д-р ----------- ---------- со број 11-7937/1 од 01.08.2025 година и врз основа на член 62 став 1 од Законот за здравствена заштита како и врз основа на член 2 став 1 од Законот за општа управна постапка, Министерството за здравство на РСМ, има донесено решение за основање на приватна здравствена установа - ординација по општа медицина на примарно ниво во мрежата на здравствени установи во с. -----------. По завршување на постапката за давање на просторот и опремата под закуп во целост, од страна на ЈЗУ Здравствен дом ---------, доставен е примерок од договорот за закуп на просторот и опремата склучен меѓу јавната здравствена установа и здравствениот работник ---------- --------- како закупец, заведен во ЈЗУ Здравствен дом ----------- под број. 03-1499/2022 година. Врз основа на барањето, приложените докази, утврдената фактичка состојба во однос на просторот и опремата, Министерството за здравство на РСМ утврдило дека --------- -------- ги исполнувал условите за основање на приватна здравствена установа – ординација по општа медицина на примарно ниво за вршење здравствена дејност општа медицина на примарно ниво во мрежата на здравствени установи, за подрачјето на општина ------------, с. --------- со назив ------ ---------.
По завршување на горенаведената постапка, како што е наведено во пријавата, министерот за ------------, --------- -----------, во рамки на работна посета за унапредување на здравствената достапност и подобрување на здравствените услуги во интерес на граѓаните, на ден 17.10.2025 година ја посетил амбулантата во село ----------, а со цел запознавање со нејзината состојба во рамките на законски предвидената административна постапка на исполнетоста на условите на здравствената установа.

Наведената активност не упатува на прекршување на забраните утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во Изборниот законик. Имено, во член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик е уредено дека не може „да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти; Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање".

Од погоре наведеното, ДКСК констатира дека присуството на Министерот за ---------------------- на пуштањето во употреба на предметниот здравствен објект во приватна сопственост, не претставува активност - одржување на јавен настан за започнување изградба или пуштање во употреба на објект со средства од буџетот на државата или јавни фондови, туку работна посета за проверка на исполнетоста на условите на здравствената установа која имала исклучиво од стручен и административен карактер, во интерес на унапредување на здравствените услуги на граѓаните.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК